Осигурување од одговорност

Информативен документ за осигурителниот продукт

Осигурителна компанија: Триглав Осигурување АД, Скопје
Продукт: Осигурување од одговорност на оператор на воздухоплови без екипаж за штета предизвикана на трети лица

ПК-бпл/25-12

Овој документ претставува краток преглед на информации за осигурителниот продукт и истиот не е прилагоден на вашите индивидуални потреби и барања. Целосните преддоговорни и договорни информации за продуктот се содржани во соодветните услови за осигурување, понудата, полисата за осигурување и други документи кои се доставуваат пред или при склучувањето на договорот за осигурување. Внимателно прочитајте ја целокупната документација за да бидете целосно запознаени со осигурителниот продукт.

Краток опис на продуктот

Ова осигурување ги покрива обврските на сопствениците на воздухоплови со максимална тежина при полетување до 20 кг, за штети предизвикани на трети лица или предмети, за време на лет или на тло. Осигурувањето се однесува на регистрирани воздухоплови без екипаж, со евиденциска ознака од Агенцијата за цивилно воздухопловство на РСМ, користени за лични или комерцијални цели.

Што е опфатено со осигурувањето?

Осигурувањето покрива штета предизвикана на трети лица со употреба на воздухопловот без екипаж доколку при користењето на системот на воздухоплови без екипаж дошло до:

- ✓ смрт, телесни повреди или нарушување на здравјето на трети лица (нематеријална штета)
- ✓ уништување, оштетување или исчезнување на ствари на трети лица (материјална штета)

Со осигурување се покриени и трошоци за правна одбрана исклучиво со согласност на осигурителот.

Дали постојат ограничувања?

- ! Осигурената сума договорена со полисата претставува максимална обврска на осигурителот, независно од бројот на оштетени.
- ! Осигурувањето покрива само одговорност за штета на трети лица, а не штета на самиот воздухоплов.

Потребна документација за прием во осигурување

- Уверение за регистрација од Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија.
- Спецификација за воздухопловот без екипаж, од производителот.
- Валиден документ за идентификација на осигуреникот.

Што не е опфатено со осигурувањето?

- ✗ Штета причинета врз/на договарачот, осигуреникот, операторот, пилотот, сопственикот, корисникот или друг носител на системот на воздухоплови без екипаж.
- ✗ Штети настанати како резултат на намера или груба небрежност.
- ✗ Штета предизвикана поради расипливост или недостатоци на самиот воздухоплов без екипаж за кои постоело сознание или морало да постои.
- ✗ Штети предизвикани поради незаконско или противправно користење на воздухоплови без екипаж.
- ✗ Штети предизвикани во области каде што тоа е забрането и/или каде што употребата на системот на воздухоплови без екипаж не е дозволена.
- ✗ Штети предизвикани без валидни дозволи од надлежни органи, институции или други одговорни лица.
- ✗ Штети поради користење на системот на воздухоплови без екипаж во спротивност со неговата регистрирана категорија на летање или надвор од видното поле доколку се управува со визуелен контакт.
- ✗ Штети поради управување под дејство на алкохол, дрога, психоактивни лекови или други психотропни супстанции.
- ✗ Штети поради воени или слични дејства, саботажа, терористички активности, инциденти, револуции и друго, заплени, конфискации, или други дејствија од страна на надлежните органи.
- ✗ Останати исклучувања согласно условите за осигурување.

Каде важи осигурувањето?

- ✓ Осигурувањето ја покрива одговорноста само за осигурени случаи настанати на територијата на Република Северна Македонија.

Кои се обврските на осигуреникот?

- Осигуреникот во случај на штетен настан е должен да го извести осигурителот во рок од три дена од настанувањето на штетата и да му ги проследи сите податоци потребни за утврдување на одговорност.
- Ако против осигурителот е поднесено оштетно барање, тужба за надомест на штета или имотно-правно барање во кривична постапка, истиот е должен веднаш без одлагање да го извести осигурителот и да му ги достави сите документи и податоци потребни за утврдување на постоење на обврска и висина на истата.
- Осигуреникот е потребно на осигурителот да му го препушти одлучувањето по оштетените барања од кои причини нема право истите да ги одбие, а уште повеќе да ги признае.
- Осигуреникот е должен да му ги достави сите податоци на осигурителот и други докази кои се потребни за утврдување на причината, опсегот и висината на штетата.
- Да го извести осигурителот за промена на своето име или адреса на живеење во рок од 15 дена од денот на промената.
- Плаќање на осигурителната премија во договорениот рок и на договорениот начин.

Кога и како се врши плаќањето?

Договарачот на осигурувањето ја плаќа премијата при преземање на полисата, освен ако поинаку не е договорено. Премијата може да се плати во готово, со платежна картичка и преку порталот за плаќање премија (https://e-osiguruvanje.triglav.mk/naplata/naplata), во согласност со тоа како е договорено.

Кога започнува и кога престанува да важи осигурувањето?

Осигурувањето започнува во 24:00 часот на денот чиј датум е запишан во полисата како датум на почеток на осигурувањето, а завршува во 24:00 часот на денот чиј датум е запишан во полисата како датум на истекување на осигурувањето.

На кој начин може да се прекине осигурувањето?

Договорот за осигурување престанува со завршување на периодот за кој е склучен. Во останати случаи договорот за осигурување престанува да важи со отуѓување или со уништување на осигурените предмети по настанување на осигурен случај.